# ИЗВЕШТАЈ

## ОД АНКЕТА ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА (2024-2025)

Во летниот семестар 2024/2025 студентите на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, реализираа on-line пополнување на анкетата (од 15.05.2025 год. до 30.05.2025 год.).

Во Анкетата која се реализира преку Iknow системот беше извршена евалуација на квалитетот на наставата спроведена од страна на 14 професори и при тоа беа проследени 113 одговори од студентите на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ од Скопје. Резултатите од анкетата беа проследени до сите професори на нивната електронска пошта, а истите се достапни и on-line на платформата за Анкети на УКИМ, на која има достапност преку лозинката од Iknow секој професор.

Вкупната оцена од анкетата за квалитетот на настава за летниот семестар 2025 е проследена со вкупна оцена **4,45 (од вкупно 5,0).**

Вкупната оцена за сите професори заедно во однос на анкетата за квалитет на настава е проследена со вкупна оцена **4,82 (од вкупно 5,0)**.

Врз основа на резултатите од спроведената анкета, студирањето на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје е високо оценето, при што особено се истакнуваат професионалниот и конструктивен пристап на наставниот кадар, како и ефикасното функционирање на студентската служба.

Според реализираната анкета, нашиот факултет е оценет со просечна вредност од **4,64**, што укажува на високо ниво на задоволство и квалитет во наставниот процес, наставниот кадар и стручно-административниот кадар.

**Комисија за изведување на студентска анкета / Перцепција на студентите за општите услови за студирање**:

Вон. проф. д-р Анета Јовковска, претседател

______________________________

Доц. д-р Дарко Анев, член

_______________________________

Доц. д-р Кирче Трајанов, член

_____________________________

Скопје 25.08.2025